**MAKEDONSKA RADIO TELEVIZIJA**
Bul. Goce Del~ev bb 1000 Skopje,
www.mrt.com.mk

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-2418/**

# З А П И С Н И К

**Од 182.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 07.04.2022 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ,Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска, Косана Мазнева Николиќ и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** / |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата состојба со Ковид кризата во државата, 182.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 13:00 часот.

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.

Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.

Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи да работи по следниов Дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 181.седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување на Информација по Заклучок со бр.02-2139/6 од 31.03.2022 година.

3. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 181.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 181.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 181.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање, со мала корекција дадена од заменик претседателот Ведат Мемедалија.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 181.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно усвоен.

**ТОЧКА2:Разгледување на Информација по Заклучок со бр.02-2139/6 од 31.03.2022 година.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац даде вовед во оваа точка и притоа беше констатирано дека не се пристигнати никакви материјали по однос на точката,како и дека нема никој присутен од менаџментот на МРТ.
Заменик претсеадтелот на Програмскиот совет предложи бидејќи нема никаков материјал тука да се заврши со оваа седница и да се префлат за нова седница за наредна недела.
Гајур Рамадани истакна дека многу е сериозно што нема материјали за оваа седница бидејќи за ова бевме договорени со менаџментот на минатата седница, ако треба да прецизираме сега неколку точки од Заклучокот по кои треба да одговорат прво.
Беше разгледан и извештај од одговорниот уредник на Првиот програмски сервис на МТВ Анета Андонова за пристигнати мејлови од гледачите на МТВ.
Снежана Клинчарова потсети дека скоро сите точки од Заклучокот како теми се содржани во акцискиот план за реализација на петтгодишната програма за развој на МРТ за 2021 година,а бидејќи сега тече 2022 година јас ги извадив сите заедно со последната точка ревидирање на Стратегијата за развој на МРТ.Тоа значи дека менаџментот има обврска за секоја измината година да направи ревидирање како би се увидело што е реализирано од зацртаното а што не е реализирано, и останува да се префрли за наредна година и да се образложат причините зошто е тоа така.

**ТОЧКА 3:Разно.**
Ристе Панов по однос на оваа тема достави на разгледување до членовите на советот:
-Извештаи за програмски и административен надзор врз МРТ1, МРТ 2, МРТ 3, МРТ 4 и МРТ 5 од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
-Годишен извештај за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици во 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Седницата заврши во 13:30 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател